Република Северна Македонија
Kuzey Makedonya Cumhuriyeti
ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
MAVROVO VE ROSTUŞE BELEDIYE
Бр./Nº 04-73/15
07. 05. 2025 год./yil
Ростуше / Rostuşe

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (,,Сл.весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Маврово и Ростуше на ден 07.05.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. Кандидатот **Лазар Симески, со идентификационен код 9ECA4BD** се избира за извршител на работното место **ИНС0101В03001 Помошник инспектор за туризам и угостителство,** Одделение за инспекциски надзор во Општина Маврово и Ростуше.
2. Именованиот ќе биде вработен на работното место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе соодветно Решение за вработување.
3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден ден 28.03.2025 година во дневните весници ,,Нова Македонија", ,,Вечер" и ,,Коха", како и на веб страницата на Агенцијата за администрација е објавен јавен оглас број 81/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Општина Маврово и Ростуше, за работно место **ИНС0101В03001 Помошник инспектор за туризам и угостителство, Одделение за инспекциски надзор, во Општина Маврово и Ростуше.**

Со Решение број 10-566/3 од 04.04.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација, формирана е Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник. Комисијата за селекција спроведе административна селекција согласно Записник број 10-566/4 од 15.04.2025 година, спроведе испит за административен службеник согласно Записник број 10-566/5 од 28.04.2025 година, спроведе и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, согласно Записник број 10-566/6 од 30.04.2025 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција, изготви Конечна ранг-листа и Предлог број 10-566/7 од 30.04.2025 година, за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за ова работно место број 2 по Јавен оглас број 81/2025, кој во законски рок го достави до Секретарот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Општина Маврово и Ростуше**
**Секретар**
**Осман Сејдиу**

Доставено до:
- Кандидатот
- Агенција за администрација
- Архива

Република Северна Македонија
Kuzey Makedonya Cumhuriyeti
ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУШЕ
MAVROVO VE ROSTUŞE BELEDIYE
Бр./Nr. 04-73/16
07.05.2025 год./yıl
Ростуше / Rostuşe

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Сл.весник на Република Македонија” број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Маврово и Ростуше на ден 07.05.2025 година донесе

# ОДЛУКА

## За невршење избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за работно место **УПР0101В01000, Советник за образование, култура и географија,** Одделение за нормативно-правни работи и јавни дејности, во Општина Маврово и Ростуше по јавен оглас број 81/2025.
2. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## Образложение

Агенцијата за администрација по барање на Општина Маврово и Ростуше на ден 28.03.2025 година во дневните весници „Нова Македонија”, „Вечер” и „Коха”, како и на веб страницата на Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 81/2025 за вработување на еден административен службеник, за работно место **УПР0101В01000, Советник за образование, култура и географија, Одделение за нормативно-правни работи и јавни дејности, во Општина Маврово и Ростуше.**

Комисијата за селекција за вработување, формирана со Решние број 10-566/3 од 04.04.2025 година спроведе административна селекција согласно Записник број 10-566/4 од 15.04.2025 година, за огласот број 81/2025, при што утврди дека за работното место број 1. УПР0101В01000 Советник за образование, култура и географија се пријавиле вкупно 4 (четири) кандидати, од кои во втората фаза не продолжи ниту еден кандидат, т.е пријавените кандидати се неуредни.

Комисијата со Записник од извршена административна селекција за административен службеник, со број 10-566/4 од 15.04.2025 година констатира дека за горенаведеното работно место нема ниту еден уреден кандидат т.е. пријавените кандидати се неуредни, па во втората фаза не продолжи ниту еден кандидат.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 45 од Законот за административни службеници се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Општина Маврово и Ростуше**
**Секретар**
**Осман Сејдиу**

Доставено до:
- Агенција за администрација
- Архива на општината